Јавно претпријатие за комунални дејности
„БРЕГАЛНИЦА" п.о
Бр. 0103-63
21.02.2014 год.
ДЕЛЧЕВО

# ИЗВЕШТАЈ
## За работата на ЈПКД"Брегалница"-Делчево за 2013 година

**-Основни податоци**

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Одлука бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година, донесена од Собрание на Општина Делчево.

Надлежниот суд во Штип на 29.01.2002 година донесе Решение бр.Птрег. 67/2 со кое врши запишување во трговскиот регистар под наслов ЈПКД"Брегалница"-Делчево.

Статутот на ЈПКД"Брегалница"-Делчево е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието а на седницата на Советот на Општина Делчево е дадена согласност на истиот со Одлука бр.07-1799 од 29.12.2005 година.

**-Дејност**

Јавното претпријатие "Брегалница" врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Основната дејност -претежната дејност на претпријатието е:

-Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

-Одведување на отпадни води(канализација);

-Одстранување на комунален и индустриски отпад;

-Одржување на јавна чистота;

-Уредување и одржување на паркови и зеленило;

-Управување со градски гробишта и погребални услуги;

-Одржување на градски пазар, под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија.

**-Организациона поставеност**

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

-Одделение за Општи, правни и финансиски работи;

-Група за Водовод, канализација, дистрибуција и одржување на водоводната и канализационата мрежа;

-Група за Комунална хигиена, одржување на Градска депонија и механизација;

-Група за Градежно-оперативни работи и управување со Градски православни гробишта;

-Група за Одржување и уредување на јавни и зелени површини и речни корита;

**-Органи на управување:**

Органи на управување во Јавното претпријатие се:

-Управен одбор;

-Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;

-Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈПКД"Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2013 година изнесува 73 вработени во редовен работен однос и 17 работници ангажирани преку Агенција за привремени вработувања а просечниот број на вработени во извештајниот период изнесува 74 лица во редовен работен однос и 16 лица ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

**-Реализирани активности по Работни единици во 2013 гогина**

## ВОДОВОД, КАНАЛИЗАЦИЈА, ДИСТРИБУЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНАТА И КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА

Во 2013 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 605.820 м3 вода, Главни носители на потрошувачката се домакинствата со 535.800 м3 или 88% а до правни лица дистрибуирани се 70.020 м3 или 12%.

Работната единица Водовод и канализација ги има извршено следните редовни - тековни работни активности:

- Отклонети се вкупно 40 дефекти на главни водоводни линии во градот Делчево и селските населби на следните профили: ф 300=1 ф200=2, ф150=4, ф100=9, ф80=12, ф65=12;
- Извршени се вкупно 65 интервенциии на поцинковани линии (мали дефекти на разводна мрежа)
- Одговорено е на повици од граѓани и отклонети се вкупно 160 дефекти на приватни приклучоци на вода (пред водомер и во водомерните шахти);
- Извршена е замена на неисправни водомери- 136 броја;
- Извршени се нови приклучувања на нови потрошувачи вкупно 48 приклучпоци

Покрај редовните и тековни активности во 2013 година се реализирани следниве позабележетилни активности:

Изградба на нова водоводна линија на ул. "Н.Ј.Вапцаров" со сите приклучни шахти во должина од 490 метри ф 110.

Извршено е приклучување и поставување на ПЕ црево ф 25 во должина од 260 м1 на стар пат за Звегор и изработена е приклучна шахта.

Изградена е нова водоводна линија ф63 во населба Басарица во должина од 195 м1 и две водомерни шахти.

Извршено е кружно поврзување на водоводна линија во населба Стар расадник со ПЕ црево ф 63 во должина од 70 метри.

Извршено е кружно поврзување на крак од улица Питу Гули ф 63 во должина од 60 метри.

Извршено е кружно поврзување на населба Стар Монопол со населба Стрелиште со ПЕ црево ф 50 во должина од 80 метри.

Изградена е нова водоводна линија на улица Маршал Тито со ПЕ црево ф 63 во должина од 75 метри.

Извршена е дислокација на главна водоводна линија од брана Лошана до Филтри во с.Тработивиште преку река Брегалница со ПЕ цеви ф 315 во должина од 380 метри.

-Канализација:

Реконструкција на канализациона мрежа на улица 8 Септември т.е. демонтажа и повторна монтажа на бетонски цеви ф 500 во должина од 153 м1 како и изработка на нова линија од ф 400 во должина од 121 м1 ф 200 водолжина од 76 м1 и ф 150 во должина од 18 метри.

Изградба на нова канализација во населба Пролет во должина од 66 метри.

Извршено е изградба т.е. поврзување на с.Звегор со населба Звегорска река со колекторски систем ф 300 во должина од 1200 метри со сите приклужни и ревизиони шахти.

Извршено е поврзување на главен колектор од десната страна на река Брегалница од градскиот базент до база Гранит со ПЕ коругирани цевки ф 400 во должина од 500 метри.

Извршено е продолжување на десен колектор со ПЕ коругирани цевки ф 1000 во должина од 176 метри.

Во тековното работење санирани се 20 канализациони шахти.

Извршено се интервенции на запишени канализациии на главни лини вкупно 38 броја.

Одговорено е на повик од правни и физички лица за отпишување на приватни канализациони линии вкупно 20 бр.

## КОМУНАЛНА ХИГИЕНА,ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКА ДЕПОНИЈА И МЕХАНИЗАЦИЈА

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е Распоред за собирање и транспортирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево и селата Габрово, Звегор и Тработивиште како и за училиштата во с.Стамер и с.Вирче.

Комуналниот отпад се собира со три специјални возила за собирање на отпад и еден трактор за местата и улиците во кои нема пристап за специјалните возила.

- Во извештајниот период (во 2013 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од домаќинствата во количина од 8.160 тони или 680 тони месечно;
- Од правни лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад во извештајниот период од вкупно 264 тони или по 22 тони индустриски отпад месечно;
- Покрај редовното собирање на отпад се врши и повремено-по повик собирање и депонирање и на отпадот од Баткова чешма, на планината Голак кај бината и на спортските терени а особено за време на Голачките Фолклорни средби;
- Во есенските месеци Октомври и Ноември извршено е собирање на сезонски растителен отпад од двортните места во градот Делчево и населба Звегорска река и Басарица со три камиони и еден трактор;
- Извршено е чистење и санирање на неколку мали диви депонии на разни локалитети во градот Делчево и приградските населби;
- На неколку наврати е извршено е целосно чистење на градска депонија Острец со Булдожер ТГ-75 заради добивање на чиста површина за депонирање на нов отпад и извршено е опесочување на истата со околу 180м3 песок и шлунак;
- Извршено е обновување на уништената ограда на депонијата и поставување на нова ограда од универзално плетиво во должина од 40м1.

Во 2013 година е изградена зграда на депонијата која ќе послужи за чуварската служба и за гаража за булдожерот ТГ 75 со кој се чисти депонијата.Исто така поставена е Огласна табла по препорака на надлежните инспекциски служби за забрана за влез на неовлстени лица и за обележување на депонијата и поправка и санација на влезната капија според стандардите.

Во рамкте на оваа работна единива за одбележување е учеството во форум на заедниците на кој е усвоен предлогот за набавка на ново специјално возило за собирање на отпад со средства на Швајцарската агенција за развој и соработка и со учество на Општина Делчево со која реализација во глема мера ќе се зголеми ефикасноста и квалитетот на собирањето на отпадот во општината.

## ГРАДЕЖНО ОПЕРАТИВНИ РАБОТИ

Групата ангажирана за градежно оперативни работи во текот на 2013 година ги има извршено следните работи:

Изградба на детско игралиште во населба Стрелиште во површина од 432м2.

Дислокација на ограден зид на Основен суд делжево и Полициска станица во должина од 61м1.

Извршени земјени работи за изградба на ново спортско игралиште во дворот на ООУ "Ванчо Прке" како и изградба на трибини за истото и ограда од метални профили и арматурна мрежа

Изработка на земјено игралиште во кругот на ООУ "Ванчо Прке".

Изработка на плато и чешма на пешачка патека за с.Звегор.

Сечење и отстранување на оштетен асфалт и припрема на ударни дупки за нивно крпење со бехатон плочки.

Изградба на чуварска куќичка на градска депонија со гаража.

Изработка на ограда на стари градски гробишта како и поправка на оградата на новите градски гробишта како и нивно тековно одржување.

Изработка на нови пазаришни тезги и поправка и одржување на постојните.

Исто така оваа работна единица учествуваше во изведба на сите градежни работи околу изграаба и реконструкција на водоводните и канализационите линии, односно при изработка на шахти и при изведување на земјени работи.

## ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ, ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И РЕЧНИ КОРИТА

- Групата за одржување на јавни зелени површини во извештајниот период покрај секојдневните и тековни работни активности кои спаѓаат во делокругот на оваа работна единица и тоа: секојдневно метење на улиците и тротоарите по изготвен распоред по денови и секојдневно собирање на отпадоци и празнење на корпите за отпадоци поставени на јавни површини и миење на улиците со цистерна два пати во неделата во летниот период како и одржување на јавните зелени површини (паркови, кејови, жардинерии, скверови) ги има извршено следните позначајни активности:

-Чистење на речното корито на река Брегалница од нанесениот талог, растителен отпад и смет со цел спречување на излевање на водата од коритото при обилни врнежи.
-Кроење о одстранување на сувите гранки од липите на Бул.Македонија и од јаворите, јасените и жал;ните врби од левата и десната страна на кејот на река Брегалница.
-Кроење на трендафили, грмушки и зимзелени украсни дрвца на Бул.Македонија, ул. М.,М.Брицо и ул Маршал Тито.
-Окопување на жадинериите на Бул.Македонија, ул. М.,М.Брицо и ул Маршал Тито и на дрвца во градки парк АСНОМ и на кејот на река Брегалница.
-Одстранување на диво изникнатата трева покрај двете коловозни ленти и разделниот простор и на Бул.Македонија од бензинска пумпа до Шумско стопанство па се до с.Звегор.
-Сеење на парковска трева во жардинериите од семафори па се до Хотел ресторант, двете леи кај новата црква и езерцата, парцелата пред скарите во градскиот парк АСНОМ, во дворот на ООУ "Ванчо Прке" до новото игралиште како и на двете парцели пред заводот за вработување.
-Засадени се 18 броја чемпрес на кејот на река Брегалница, 5 броја на почетокот во градски парк АСНОМ, 5 чемпреси на игралиштето во Милково брдо и 5 во кругот на ЈПКД Брегалница.
-Засадување со сопствен расад на трендафили на разделната лента на Бул.Македонија од семафори до Шумско стопанство.
-Во сопствен стакленик произведени се со претходно сеење ѓубрење и пикирање видови на цвеќе (violla trikolor-љубичици, tagetes sardela, ageratum и петунија)
-Поставени се прскалки во градски парк АСНОм покрај косините.
-Шишање на тревата и нејзино собирање во училишниот двцор во с.Тработивиште, во дворот на црквата во с.Разловци, кај црква во с.Селник, кај црква во с.Звегор, на планината Голак по повод Голачки фолклорни средби и на грдаски стадион во Делчево.

## ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ВО 2013 ГОД

Вршејки ги своите основни и споредни дејности ЈПКД "Брегалница"- Делчево остварува определени приходи и расходи во работењето.

Резултатите од финансиското работење се гледаат од годишната сметка на претпријатието за 2013 год.

Согласно Законот за трговски друштва и Меѓународните сметководствени стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на РМ бр.159/09,64/10,И 107/11,Годишната сметка е поединечна а валутата на презентација е македонски денар

Поважни користени сметководствени политики се следните :

1)Материјални средства(недвижности,постројки,и опрема).Ставките од овие категории се презентирани според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација.Амортизацијата се пресметува со примена на пропорционалниот метод за периодите на користен век на средствата со примена на следните стапки:

а)Згради (високо ниска градба ) 2.5%
б)Моторни возила 25%
в)Компјутери 25%
г)Мебел и опрема 10-25%

2)Парични средства и парични еквиваленти.Паричните средства се состојат од готовински парични средства на банкарските сметки и денарска благајна.

3) Побарувањата од купувачите се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања.

Обврските спрема добавувачите се искажани според нивната номинална вредност .

Остварени се вкупно приходи од 43.613.364 ден

| р.бр | Конто | опис | износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 740 | Приходи од основна дејност | 37575737ден |
| 2 | 743 | Приходи од продажба на материјали | 42811ден |
| 3 | 747 | Приходи од закупнина | 80850ден |
| 4 | 764 | Приходи од вишоци по попис | 394771ден |
| 5 | 765 | Приходи од отпис на обврски | 5119443ден |
| 6 | 769 | Останати приходи од работењето | 212084ден |
| 7 | 774 | Приходи од камати | 25948 ден |
| 8 | 779 | Останати финансиски приходи | 161720 ден |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА 2013 ГОД** | **43.613.364 ден** |

Направени се расходи во вкупен износ од 37.727.864 ден

| р.бр | конто | опис | износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 400 | Потрошени суровини и материјали | 1188166ден |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали-ХТЗ | 174835ден |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија | 6234979ден |
| 4 | 404 | Трошоци за резервни делови | 269455 ден |
| 5 | 407 | Отпис на инвентар | 205189ден |
| 6 | 410 | Транспортни услуги | 4070 ден |
| 7 | 411 | Пошт. услуги, интернет, телефонски услуги | 162040ден |
| 8 | 413 | Трошоци за одржување И заШтита | 924406ден |
| 9 | 417 | ТроШоци за реклама И промоција | 15380ден |
| 10 | 419 | Останати услуги | 3203520ден |
| 11 | 420 | ТроШоци за бруто плата | 19416410ден |
| 12 | 422 | ТроШоци за технолоШки помоШ при смрт | 886820ден |
| 13 | 430 | ТроШоци за амортизација | 2555507ден |
| 14 | 440 | Дневници за службени патувања | 66533ден |
| 15 | 442 | ТроШоци за управен И надзорен одбор | 26665ден |
| 16 | 443 | ТроШоци за спонзорства И донации | 32456ден |
| 17 | 444 | ТроШоци за репрезентација | 277076ден |
| 18 | 446 | Банкарски услуги | 133715ден |
| 19 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот | 21877ден |
| 20 | 449 | Останати троШоци | 1076094ден |
| 21 | 451 | Вредносно усогласување на м.средства | 43158ден |
| 22 | 460 | Загуба од неотпиШана вредност на м.средства | 46049ден |
| 23 | 464 | Кусоци - Инвентар | 375027ден |
| 24 | 469 | Останати расходи | 119ден |
| 25 | 474 | Расходи врз основа на камати | 270070ден |
| 26 | 703 | Набавна вредност на продадени материјали | 118248ден |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **37727864ден** |

РЕКАПИТУЛАР

| | |
|---|---|
| ВКУПНИ ПРИХОДИ | 43.613.364 ден |
| ВКУПНИ РАСХОДИ | 37.727.864 ден |
| ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 5.885.500 ден |
| ДАНОК НА ДОБИВКА ПО ДБ | 38.297 ден |
| НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 5.847.203 ден |

Обврските спрема добавувачите се искажани според нивната номинална вредност И заклучно со 31.12.2013 год изнесуваат 6.384.652 ден (синтетика 220).
Побарувањата од купувачите на синтетика 120 изнесуваат 33.692.736 ден.

*РЕЗИМЕ*

*РИЗИК НА ЛИКВИДНОСТ.*

*ВО ПЕРИОДОТ ОПФАТЕН СО ГОДИшНАТА СМЕТКА ОВОЈ РИЗИК Е ПРИСУТЕН.ИСТИОТ Е РЕЗУЛТАТ НА ВЛОшЕНАТА ЛИКВИДНОСТ НА ГЕНЕРАЛНО НИВО шТО РЕЗУЛТИРА СО НЕНАПЛАТЛИВОСТА НА СТАРИ С-КИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ И ОТЕЖНАТОТО ПЛАКАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ .ЗА ДА СЕ НАМАЛИ ОВОЈ РИЗИК ПРЕТПРИЈАТИЕТО БИ ТРЕБАЛО ДА ПРЕЗЕМЕ АКТИВНОСТИ ВО ИДНИНА ДА ГИ НАПЛАКА СВОИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ РОКОВИ ПРЕД ЗАСТАРЕНОСТ ЗА ДА МОЖАТ ДА СЕ ПЛАКААТ ОБВРСКИТЕ БЕЗ ОТЕЖНАТОСТ И СО РОК НА ВАЛУТА .*

ЈПКД Брегалница Делчево
Директор
Ванчо Цветковски

21/02/2014 год